**ПРАВИЛА НА НАГРАДНА ИГРА**

**„ЏВАКАЈ ВО РИТАМ“**

Следните Правила на наградна игра („**Правила**“) го регулираат вашето учество во наградната игра „**Џвакај во ритам**“ („**Наградна игра**“). Ве молиме внимателно прочитајте ги овие услови пред регистрација, бидејќи со регистрацијата и притискањето на „**Учествувај**“ се смета дека се согласувате со нив.

## 1. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

За да учествувате во Наградната игра: купете Orbit производ, скенирајте го QR кодот на промотивниот материјал и поднесете го вашиот фискален/сметковен доказ (фискална сметка) преку формуларот за регистрација.

Зачувајте ја фискалната сметка до крајот на Наградната игра и пополнете ги вашето име, е-маил адресата и мобилен број на https://www.Yourchewyplace.com/mk-mk или преку скенирање на QR кодот на промотивниот материјал. Со тоа, ќе добиете шанса да освоите едни од 20 JBL Tune 770 слушалки.

После завршувањето на регистрацијата, ви се покажува потврда за успешна регистрација на екранот и, исто така, добивате е-пошта со која ќе ви биде потврдено дека успешно сте се регистрирале за учество во Наградната игра. Е-поштата која што ќе ја добиете за успешна регистрација ќе биде и ваша потврда врз чија основа стекнувате право на учество во Наградната игра.

Во текот на времетраењето на Наградната игра, учесниците кои ги исполнуваат условите за учество и успешно ја извршиле регистрацијата, автоматски се вклучуваат во базата на учесници за извлекување.

По истекот на периодот за регистрација, Организаторот спроведува извлекување на добитниците по случаен избор, со помош на автоматизиран компјутерски програм, од сите валидно регистрирани учесници.

За учество потребен е интернет пристап и е-маил адреса и може да учествуваат само полнолетни жители на Северна Македонија.

Секое лице може да учествува максимум еднаш дневно;, односно максимум десет учества по лице за целиот период.

Секое лице може да освои само една награда.

## 2. ОРГАНИЗАТОР НА НАГРАДНАТА ИГРА

Организатор на оваа Наградна игра е Друштво за трговија на големо и мало АЛМА - М ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Качанички пат бр. 65А, Скопје – Бутел (во понатамошниот текст „**Организатор**“).

## 3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Во Наградната игра можат да учествуваат полнолетни лица (18+), жители на Северна Македонија, освен вработените кај Организаторот, членови на нивните потесни семејства и други лица професионално поврзани со Наградната игра.

Учесниците мора да бидат полнолетни (18+) на датумот на регистрација.

За учество потребен е интернет пристап и регистрација, а Наградната игра ќе важи на територијата на цела Северна Македонија.

Групни регистрации, користење на повеќе е-маил адреси, автоматски генерирани регистрации или регистрирање преку агенти/трети страни нема да бидат прифатени.

## 4. ИМЕ, ОПИС, ВРЕМЕТРАЕЊЕ И ЦЕЛ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Името на Наградната игра е „**Џвакај во Ритам**“.

Наградната игра ќе трае од 00:00:01ч. на 06.04.2026 до 23:59:59ч. на 31.05.2026. Регистрациите надвор од овој период нема да бидат валидни.

Целта на оваа Наградна игра е да се рекламираат Orbit мастиките за џвакање, за која цел како Организатор на Наградната игра е Друштвото за трговија на големо и мало АЛМА - М ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

Наградната игра се приредува во рамки на маркетинг кампања за брендот Орбит, при што носителот на брендот и иницијатор на кампањата го ангажира Организаторот за спроведување на Наградната игра во Северна Македонија, врз основа на меѓусебен договорен однос.

## 5. НАГРАДИ

Сите награди се од ист вид и се состојат од вкупно 20 JBL Tune 770 слушалки кои поединечно имаат вредност од 3,224.00 денари без вклучен ДДВ (3,804.32 денари со вклучен ДДВ од 18%), а сите 20 JBL Tune 770 слушалки имаат вкупна вредност од 76,086.50 денари со вклучен ДДВ од 18%.

Оваа промоција не е спонзорирана од JBL.

Наградата е строго непренослива и не смее да се продава или да се предлага на тргување.

Наградите ќе бидат доделени во рок од 60 дена од објавувањето на добитниците, во просториите на Организаторот на ул. Качанички пат бр. 65А, Скопје – Бутел.

Во случај на неизвесни околности или злоупотреба, Организаторот има право да ја суспендира или прекине Наградната игра.

## 6. ИЗВЛЕКУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ

Добитниците на наградите ќе бидат избрани случајно од сите учесници со помош на автоматизиран компјутерски програм, на 10.06.2026 година во 12.00 часот во просториите на Организаторот. Дополнително, ќе бидат извлечени вкупно 20 резервни добитници. Резервните добитници може да добијат награда ако некој од првичните 20 добитници не го потврди учеството или на друг начин не ги исполнува условите според овие Правила. Резервните добитници ќе бидат објавени во редослед од 1 до 20, при што наградата најпрво му се доделува на резервниот добитник наведен под реден број 1. Доколку истиот не ја потврди наградата или не ги исполнува условите согласно овие Правила, правото преминува на резервниот добитник под реден број 2, и така по редослед сè до доделување на наградата.

По извлекувањето, следи постапка на верификација на добитниците, која вклучува проверка на исполнетоста на условите за учество и валидноста на доставената фискална сметка од страна на трichlena комисија од Организаторот.

Добитниците ќе бидат објавени во рок од три дена од денот на извлекувањето на **https://www.Yourchewyplace.com/mk-mk**.

Добитниците ќе бидат контактирани и известени преку е-пошта дадена при регистрацијата и мора да одговорат за да ја потврдат својата награда.

Ако добитникот не одговори, или на друг начин не ги исполнува условите, ја прекршува оваа Наградна игра, или не може/одбие да ја прими наградата од било која причина, Организаторот ќе ја даде наградата на еден од преостанатите извлечени резервни добитници во согласност со редоследот наведен погоре во овој дел. Резервниот добитник ќе биде известен преку е-пошта дадена при регистрацијата.

Според важечките законски прописи на Северна Македонија, за наградите во оваа Наградна игра, Организаторот ќе го пријави и плати данокот на личен доход во име на добитниците. Добитниците мора да ги обезбедат своите име и презиме, ЕМБС и постојана адреса на живеење за оваа намена. Ако добитникот одбие да ги даде овие податоци, наградата ќе биде доделена на резервен добитник.

## 7. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА

Откако Министерството за финансии на Република Северна Македонија ќе даде одобрување за почеток на Наградната игра, потенцијалните учесници ќе бидат информирани за постоењето на Наградната игра, Правилата на Наградната игра, условите за учество и фондот на награди преку промотивни и информативни материјали, како и на **https://www.Yourchewyplace.com/mk-mk**.

Со скенирање на QR кодот и пристапување до формуларот за регистрација, учесниците ќе имаат можност да се запознаат со целосниот текст на Правилата, при што учеството во Наградната игра е возможно само по претходно прифаќање на истите.

По добиеното одобрение од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија, правилата за Наградната игра стапуваат во сила.

## 8. ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИГОВОР

Секој учесник во Наградната игра кој смета дека неговите права се повредени, има право да поднесе писмен приговор до Организаторот, најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на добитниците. Приговорот се поднесува исклучиво по електронски пат, на следната е-маил адреса на Организаторот orbitnagradnaigra@alma-m.com.mk.

Организаторот е должен да го разгледа приговорот и да достави писмен одговор до подносителот во рок од 7 дена од денот на приемот на приговорот.

## 9. ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Организаторот собира и обработува лични податоци во согласност со овие Правила, Политиката за приватност на Марс (https://www.mars.com/privacy) и Законот за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија. Податоците се собираат електронски преку директно, лично и доброволно внесување од страна на учесниците.

Собраните лични податоци вклучуваат полно име, е-пошта, поштенска адреса, мобилен број, како и ЕМБГ за даночни цели за добитниците на наградите.

Обработката на податоците е неопходна за администрирање на наградите, информирање на победниците, испраќање на наградите и исполнување на применливите законски обврски. Податоците може да се користат и за маркетинг цели ако учесникот дал согласност. Податоците можат да бидат пренесени кај трети лица обработувачи, вклучувајќи сервери надвор од Северна Македонија, со имплементирање на соодветни заштитни мерки во согласност со Законот за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија.

Податоците на учесници кои не се добитници ќе бидат избришани по извлекувањето на наградите. Податоците на добитниците и резервните добитници ќе се чуваат 5 години. Податоците за маркетинг ќе се чуваат додека учесникот не ја повлече согласноста.

Учесниците имаат право да побараат пристап до своите лични податоци, како и право на исправка, бришење, ограничување на обработката, приговор и преносливост на податоците. Онаму каде што обработката се заснова на согласност, учесниците имаат право да ја повлечат согласноста во секое време. Таквото повлекување нема да влијае на законитоста на обработката заснована на дадена согласност пред нејзиното повлекување.

Учесниците можат да ги остварат своите права во врска со заштита на личните податоци преку контакт со Организаторот. Повлекувањето на согласноста може да влијае на учеството во играта. Барања за бришење на податоците по добивање на наградата може да влијаат на испораката на наградата. Учесниците можат да поднесат поплаки до Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија.

Листата на добитници (само иницијали) ќе биде објавена на **https://www.Yourchewyplace.com/mk-mk** по три дена од извлекувањето на добитниците, откако ќе се потврди нивната подобност. Добитниците можат да се спротивстават со испраќање е-пошта на orbitnagradnaigra@alma-m.com.

Сепак, информации може да се откријат на регулаторни органи ако тоа е законски побарано.

Добитниците може да бидат побарани да учествуваат во реклама поврзана со оваа Наградна игра без дополнително надоместување.

## 10. ОДГОВОРНОСТ

Учеството преку Интернет подразбира познавање и прифаќање на карактеристиките и ограничувањата на Интернетот. Организаторот не е одговорен за неовластен пристап до податоците или компјутерски вируси.

Организаторот не е одговорен за прекини на Интернет или комуникациски проблеми надвор од неговата контрола.

Организаторот ќе ја организира доставата на наградите до добитниците. Организаторот не сноси одговорност доколку доставата не може да се реализира или е одложена поради неточни, нецелосни или застарени податоци доставени од учесникот, како и во случај кога добитникот не е достапен на наведената адреса. При примопредавање на наградата, добитникот е должен да потпише потврда за прием на наградата.

## 11. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Ако некоја клаузула од овие Правила се смета за неважечка, останатите клаузули остануваат во сила.

Оваа Наградна игра и овие Правила ќе се толкуваат според законодавството на Северна Македонија.

За сите спорови кои ќе произлезат во текот и во врска со оваа Наградна игра, надлежни се стварно и месно надлежните судови во Република Северна Македонија.

______________________________

**Управител Ивица Петровиќ**

**Друштво за трговија на големо и мало АЛМА - М ДООЕЛ експорт-импорт Скопје**